Друштво за коцкање и обложување
МА ГАМИНГ ДООЕЛ
Бр. 03-8330/1
05-11 2026 год.
СКОПЈЕ

ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА „LUCKY DRIVE"

Член 1 – Организатор на наградната игра
Организатор на наградната игра е Друштвото за коцкање и обложување МА ГАМИНГ ДООЕЛ од Скопје, со седиште на ул.16-та Македонска Бригада бр. 25 Гази Баба Скопје и ЕМБС 6463029 (во натамошниот текст: Организатор).

Член 2: Име, траење и цел на наградната игра
Името на наградната игра е „LUCKY DRIVE".
Наградната игра ќе започне на ден 27.11.2026 година и ќе заврши на ден 13.01.2027 година.
Во наградната игра се доделува:
1 (еден) Автомобил FORD KUGA CX482 Titanium со вкупен износ од 1.656.240,00 денари;
3 (три) парични награди од 10.000,00 денари;
1 (една) парична награда од 30.000,00 денари и
1 (една) парична награда од 60.000,00 денари.
Извлекувањето на наградите ќе започне на ден 13.01.2027 година во 23:00 часот и ќе трае до 14.01.2027 година во 01:00 часот во Автомат клуб ЛИМАК Скопје, со седиште на ул. Железничка бр. 31 Скопје. Играчите започнувајќи од 27.11.2026 година до 13.01.2027 година ќе можат да ги стават освоените купони во поставените барабани во автомат клубовите, кои ќе бидат затворени во 00:05 часот и ќе се спроведат кон автомат клубот каде што во 23:00 часот истиот ден ќе започне извлекувањето.
Целта на оваа Наградна игра е да се рекламираат услугите на Друштвото за коцкање и обложување МА ГАМИНГ ДООЕЛ преку својот бренд АДМИРАЛ.

Член 3
Наградната игра се спроведува во дваесетте (20) автомат клубови на Организаторот-„АДМИРАЛ" автомат клубовите и тоа:

1. Автомат клуб ПЕРОН Скопје со локација во Скопје на Ул. НИКОЛА КАРЕВ Бр.20 лок.14/Автобуска-Станица СКОПЈЕ – ЦЕНТАР;

2. Автомат клуб ИСХРАНА Скопје со локација во Скопје на Ул. НИКОЛА ВАПЦАРОВ Бр.7 СКОПЈЕ – ЦЕНТАР;

3. Автомат клуб АЕРОДРОМ Скопје со локација во Скопје на Ул. БУЛЕВАР ЈАНЕ САНДАНСКИ Бр.24 СКОПЈЕ – АЕРОДРОМ;

4. Автомат клуб ПОРТА ВЛАЕ Скопје со локација во Скопје на Ул. БУЛЕВАР ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ Бр.149-1 - Б4/1 П.Влае л-001 и 009 СКОПЈЕ – КАРПОШ;

5. Автомат клуб СПА Скопје со локација во Скопје на Ул. НАРОДЕН ФРОНТ Бр.19/1-18 СКОПЈЕ – ЦЕНТАР;

6. Автомат клуб МАВРОВКА Скопје со локација во Скопје на Ул. БУЛЕВАР КРСТЕ МИСИРКОВ Бр.57 и 59/дел.п.Б-дел.п В СКОПЈЕ – ЧАИР;

7. Автомат клуб ЛЕНИНОВА Скопје со локација во Скопје на Ул. АМИНТА ТРЕТИ Бр.37 СКОПЈЕ – ЦЕНТАР;

8. Автомат клуб РОЈАЛ Скопје со локација во Скопје на Ул. 12-ТА МАКЕДОНСКА УДАРНА БРИГАДА Бр.2 А/приземје СКОПЈЕ ЦЕНТАР;

9. Автомат клуб КИСЕЛА ВОДА Скопје со локација во Скопје на Ул. ХРИСТО ТАТАРЧЕВ Бр.21-а/1-лок. 2 и 3 СКОПЈЕ - КИСЕЛА ВОДА;

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup
II

10. Автомат клуб ЛЕПТОКАРИЈА Скопје со локација во Скопје на Ул. БУЛЕВАР ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ Бр.102 СКОПЈЕ – КАРПОШ;

11. Автомат клуб НОВО ЛИСИЧЕ Скопје со локација во Скопје на Ул. БУЛЕВАР ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ БАТО Бр.2-Б/5,6,7,8 СКОПЈЕ – АЕРОДРОМ;

12. Автомат клуб САНСЕТ Скопје со локација во Скопје на Ул. БУЛЕВАР ЈАНЕ САНДАНСКИ Бр.24/лок. 7 и 8 СКОПЈЕ – АЕРОДРОМ;

13. Автомат клуб ДУВЕТ Скопје со локација во Скопје на Ул. НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ Бр.40 СКОПЈЕ – ЦЕНТАР;

14. Автомат клуб ТРУБАРЕВО Скопје со локација во Скопје на Ул. 1 Бр.87 ТРУБАРЕВО ГАЗИ БАБА;

15. Автомат клуб ЧЕНТО Скопје со локација во Скопје на Ул. АНТОН ПОПОВ Бр.78/2 СИНГЕЛИЌ ГАЗИ БАБА;

16. Автомат клуб МОМИН ПОТОК Скопје со локација во Скопје на Ул. 1506 Бр.38 СКОПЈЕ – КАРПОШ;

17. Автомат клуб СТАР АЕРОДРОМ Скопје со локација во Скопје на Ул. ВАНГЕЛ ТОДОРОВСКИ Бр.2/1 СКОПЈЕ – АЕРОДРОМ;

18. Автомат клуб ДРАЧЕВО Скопје со локација во Скопје на Ул. ДРАЧЕВСКА Бр.10 Г ДРАЧЕВО КИСЕЛА ВОДА;

19. Автомат клуб ИЛИНДЕНСКА Скопје со локација во Скопје на Ул. БУЛЕВАР ИЛИНДЕН Бр.170 СКОПЈЕ – КАРПОШ;

20. Автомат клуб ЛИМАК Скопје со локација во Скопје на Ул. ЖЕЛЕЗНИЧКА Бр.31 СКОПЈЕ – ЦЕНТАР.

Член 4: Правила за учество и начин на спроведување на наградната игра

Право на учество во наградната игра имаат сите лица кои се постари од 18 години и кои ги прифаќаат условите од овие Правила, освен вработените во МА ГАМИНГ ДООЕЛ Скопје, како и членовите на нивните потесни семејства.

Секој посетител што ќе игра со влог од 20 (дваесет) денари или повеќе и кои ќе освои Lucky Drive Hit во износ од 1 (еден) денар во наведените Автомат клубови АДМИРАЛ објавен на поставените монитори во автомат клубот станува учесник на наградната игра и ќе добие купон.

Купонот се состои од два исто нумерирани делови. Едниот дел играчот го внесува во барабанот за извлекување и учествува во извлекувањето на наградата, а другиот дел од купонот останува кај играчот за да послужи за идентификација на денот на извлекувањето. Колку повеќе освоени Lucky Drive Hit-ови, толку повеќе наградни купони за учество и освојување на наградата од наградната игра. Секој играч може да учествува со неограничен број на наградни купони за наградната игра во наведените 20 (дваесет) АДМИРАЛ автомат клубови каде што ќе се организира наградната игра.

Колку повеќе играат играчите, толку поголеми се можностите за добивање на Lucky Drive Hit, како услов за добивање на наградата.

Барабаните се 24 часа под видео надзор, а отворот од кој ќе се изврши извлекувањето е пломбиран.

Член 5: Извлекување

Вкупниот награден фонд изнесува **1.756.240,00 денари.**

Извлекувањето каде што ќе се додели **FORD KUGA CX482 Titanium ќе се одржи на ден 13.01.2027 година започнувајќи од 23 часот** во Автомат клуб ЛИМАК Скопје, со седиште на ул. Железничка Бр.31, Скопје.

Потоа следи извлекувањето на **првата парична награда од 10.000 денари кое ќе се одржи на 13.01.2027 година во 23:20 часот** во Автомат клуб ЛИМАК Скопје, со седиште на ул. Железничка Бр.31, Скопје.

Извлекувањето на **втората парична награда од 10.000 денари ќе се одржи на 13.01.2027 година во 23:40 часот** во Автомат клуб ЛИМАК Скопје, со седиште на ул. Железничка Бр.31, Скопје.

Извлекувањето на **третата парична награда од 10.000 денари ќе се одржи на 13.01.2027 година во 23:55 часот** во Автомат клуб ЛИМАК Скопје, со седиште на ул. Железничка Бр.31, Скопје.

Извлекувањето на паричната награда од **30.000 денари ќе се одржи на 14.01.2027 година во 00:30 часот** во Автомат клуб ЛИМАК Скопје, со седиште на ул. Железничка Бр.31, Скопје.

И извлекувањето на **паричната награда од 60.000 денари ќе се одржи на 14.01.2027 година во 01:00 часот** во Автомат клуб ЛИМАК Скопје, со седиште на ул. Железничка Бр.31, Скопје.

Играчите кои играат во клубовите учесници со влог од 20 (дваесет) денари или повеќе и кои ќе освојат Lucky Drive Hit во износ од 1 (еден) денар ќе можат да ги стават купоните за главното извлекување во поставените барабани во автомат клубовите најдоцна до 00:05 часот на ден 13.01.2027 година, а потоа истите се доставуваат до главниот барабан за извлекување на наградите во Автомат клуб ЛИМАК Скопје со седиште на Ул. Железничка Бр.31 Скопје.

Извлекувањето ќе започне во 23:00 часот во Автомат клуб ЛИМАК Скопје со седиште на Ул. Железничка Бр.31 Скопје. **Услов за добивање на наградата е лично присуство на играчот во Автомат клубот каде што ќе се извршува извлекувањето на наградата.**

Регуларноста на извлекувањето ја прати 3 (три) члена Комисија составена од страна на Организаторот на наградната игра.

Добитникот се извлекува од барабанот рачно, а истото го извлекува еден од членовите на Комисијата.

Доколку по извлекувањето и читањето на добитниот купон во рок од 3 (три) минути не се јави лично добитникот, купонот се поништува и процедурата започнува од почеток и трае се додека не се извлече добитникот. Наградата не може да ја подигне друго лице освен лично добитникот.

Со извлекувањето на добитникот останатите купони се поништуваат и наградната игра завршува.

Добитникот се идентификува со важечка лична карта или пасош и на Комисијата го дава другиот дел од нумерираниот купон (купон).

На добитникот му се издава потврда од страна на Организаторот за добиената награда.



Член 6: Објавување на добитникот

Добитниците на наградите ќе бидат објавени во рок од 3 денови од денот на извлекување на наградата на огласната табла во сите Автомат клубови кои учествуваат во наградната игра, како и на официјалната страна на организаторот, admiralclub.com.mk.

Член 7: Информирање за наградната игра на учесниците

Учесниците ќе бидат информирани за Правилата на наградната игра, фондот за награди и условите за учество преку надворешни информативни канали, интернет страницата admiralclub.com.mk, како и пропаганден материјал во АДМИРАЛ автомат клубовите.

Откако Министерството за финансии на Република Северна Македонија ќе даде согласност за почеток на наградната игра, официјалните правила на наградната игра ќе бидат објавени во наведените автомат клубови на Организаторот, како и на официјалната интернет страна на Организаторот admiralclub.com.mk, пред почетокот на истата. По добиеното одобрение од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

Член 8

Наградата се подигнува во рок од 10 (десет) денови од денот на објавување на добитникот на наградната игра во Автомат клуб ЛИМАК Скопје, со седиште на ул. Железничка бр. 31 Скопје.

Член 9

Организаторот е должен да провери дали се исполнети сите услови за учество и дали добитникот ги исполнува сите услови за подигнување на наградата, согласно правилата. По предавањето на наградата, Организаторот нема никаква одговорност кон добитникот на наградата во однос на користењето на истата, освен одговорностите наведени во правилата. Организаторот нема одговорност за достава на наградата и нема да покрие било какви дополнителни трошоци, како што е транспорт или друг тип на трошоци, трошоци за реализација кои не се опишани во правилата или во посебно потпишан договор помеѓу Организаторот и добитникот.

Организаторот не е одговорен, доколку добитникот не е во можност да ја подигне или користи наградата. Резултатот за прогласување на добитниците е конечен. Доколку добитникот сака, може да се откаже од наградата или да ја предаде на друг во согласност законската регулатива.

Член 10–Согласност за користење на лични податоци

Со учество во наградната игра, учесникот се согласува да ги даде личните податоци на Организаторот, за користење при реализација на наградната игра за период од (пет) месеци. Организаторот има право да ги користи личните податоци на секој учесник за потребите на наградната игра. Организаторот не смее да ги користи податоците за било која друга намена, која не е во согласност со законот и ќе ги користи само за потребите на наградната игра. Личните податоци на учесниците на наградната игра, ќе се користат само согласно Законот за заштита на лични податоци .

Член 11 – Даноци

Даночната обврска на наградната игра ја презема Организаторот. Организаторот гарантира дека доделувањето на наградата ќе биде согласно со Правилата

Член 12 – Приговори

Учесникот во наградната игра, има право да поднесе приговор до организаторот, најдоцна 5 (пет) дена од денот на објавување на добитниците, на е-маил адресата

contact@admiralclub.com.mk. Организаторот е должен да даде одговор на приговор во рок од 7 дена по добивањето на истата.

Член 13 – Деловна тајна
Вработените на Организаторот се обврзани да ја чуваат следната информација како деловна тајна: податоците на учесникот (нивниот број, нивниот идентитет и други лични податоци), механизмот за организација на наградната игра и финансискиот дел за работатата на Организаторите. Гореспоменатите информации можат да бидат дадени на трето лице од страна на Организаторот, само на начин предвиден во законот.

Член 14 – Прекин на наградната игра
Наградната игра може да се прекине, при ненадејни виши сили вклучувајќи го случајот кога Организаторот не е во можност да ја организира наградната игра. За прекин на наградната игра прво треба да се добие согласност од Министерство за финансии на Република Северна Македонија.

Член 15 – Законски мерки
Доколку постојат било какви недоразбирања помеѓу организаторот и учесниците на наградната игра, истите ќе бидат решени согласно договорот.
Ако двете страни не постигнат договор, конфликтот помеѓу организаторот и учесниците на наградната игра, ќе биде решен од страна на судот во Скопје.

Скопје, 27.10.2026 година

МА ГАМИНГ ДООЕЛ Скопје

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut - Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup
II

Друштво за коцкање и обложување МА ГАМИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ